Бр./Nr 12-4526/2

27-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-4526/1 од 09.11.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-4526 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-4526/1 од 09.11.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата е изнесено незадоволство од службените лица ///, судии на ///, по основ на донесена пресуда /// за денационализација на имот. Според подносителот, наведените судии погрешно и нецелосно ја утврдиле фактичката ситуација и погрешно го примениле материјалното право. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

Со увидот во содржината на пријавата и доставените документи, ДКСК не утврди елементи за надлежно постапување за овој конкретен случај, заради што одлучи како во диспозитивот. Против означената пресуда од пријавата, надлежен орган за постапување е ///, односно незадоволниот подносител имал право да изјави благовремена жалба, согласно дадената правна поука. Во случај на сомневање за нестручно и несовесно работење на судиите, подносителот на пријавата да се обрати до Судскиот совет на Република Северна Македонија како надлежен орган.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**